*Philological Studies 19, 2, (2021), 25-38* **Изворен научен труд**

**УДК: 329:[304:008](497.1)"1945-1952"**
**DOI: 10.17072/1857-6060-2021-19-2-25-38**

# НАЧЕЛА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА КУЛТУРНА ПОЛИТИКА (1945 – 1952)

**Драгица Поповска**
*Институт за национална историја*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје*

**Клучни зборови:** културна политика, социјалистички реализам, советизација, десоветизација, југословенско општество

**Апстракт:** По Втората светска војна и формирањето на новата југословенска држава, Комунистичката партија на Југославија започнала со воспоставување на новиот политички систем. Во процесот на трансформација на југословенското општество клучен бил ресурсот – култура. Трудот се фокусира на начелата врз кои била градена културната политика во Нова Југославија, чија специфичност во голема мера била условена од затекнатата политичка и образовна состојба на теренот. Врз основа на достапната архивска граѓа, материјалот ги анализира основните идеи во конкретното поле, во периодите пред и по судирот со Информбирото. Колку се значајни општествените фактори во формулирањето на целите и задачите за реализација на културната политика, покажуваат разликите меѓу двата истражувани периоди. Имено, во првите години забележлива е силна советизација во сферата на културата, каде следењето на советските модели во политиката е особено изразено. Веќе во педесеттите години, започнува процес на десоветизација, односно повлекување од советскиот модел на културни практики, напуштање на идејната матрица на социјалистичкиот реализам и воведување на самоуправен социјализам, што ќе придонесе кон извесна демократизација во полето на културната продукција.

# THE PRINCIPLES OF YUGOSLAV CULTURAL POLICY (1945-1952)

**Dragica Popovska**
*Institute of National History*
*Ss. Cyril and Methodius University in Skopje*

**Key words:** cultural policy, socialist realism, sovetization, desovietization, Yugoslav society

**Summary:** After World War II and the formation of the new Yugoslav state, the Communist Party of Yugoslavia began to establish a new political system. In the process of transformation of Yugoslav society, the resource of culture was crucial. The paper focuses on the basic principles upon which the cultural policy in the new Yugoslavia was built, whose specificity was largely conditioned by the current political and educational situation. Based on the available archival material, the paper analyzes the fundamental ideas in the specific field, in the periods before and after the conflict with the Information Bureau (Cominform). The differences between the two periods show how important the social factors are in the formulation of the goals of the cultural policy. Namely, in the first years there is a strong sovietization in the cultural field, where the following of the Soviet models in politics is especially noticeable. In the 1950s began desovietization, a process that consisted of abandoning the Soviet model of cultural practices, abandonment of the ideological matrix of socialist realism and introduction of self-administrative socialism, which would contribute to a certain democratization in the field of cultural production.

Со доаѓањето на чело на новата југословенска држава, Комунистичката партија на Југославија настојувала да воспостави нов политички систем, што подразбирало и промени од економска, политичко-правна и организациска природа. Покрај работата на овие ресурси, Партијата, особено внимание посветувала и на ресурсот – култура, стимулирајќи ја политички и идеолошки, но и помагајќи ја материјално. Културната политика, особено во областа на образованието, науката и уметноста, била многу важен чинител во севкупното преобразување односно трансформирање на општеството. Ова било во согласност со Лениновата идеја, според која стариот систем не може да биде надминат со „никакви политички преобразби..., туку единствено со подигање на културата“ (Doknić 2009: 16). Во оваа смисла, културата била перципирана, пред сè, како *инструмент на класната борба* и на изградбата на *новиот социјалистички човек*.

Трудот се занимава со начелата, односно основните идеи врз кои била градена културната политика во новото југословенско општество. Врз основа на достапната архивска граѓа, материјалот што следи го анализира државниот модел на културна политика, чија специфичност во голема мера е условена од затекнатата политичка, образовна и

материјална[1] состојба на теренот. Во следните редови фокусот е ставен на првите две сфери, како важни теми за ова истражување.

*

Имајќи го предвид претходниот политички систем и неговите остатоци, КПЈ настојувала, заедно со обидите за ограничување на активностите на идеолошките противници и непријатели, во политичката и во јавната сфера да ги наметне своите визии меѓу различните заедници и општествени слоеви.[2] Во оваа смисла, политичката елита, која раководела со Министерството за просвета на ДФЈ, во еден од документите, подвлекува:

„*Старата држава имала потреба од послушни, 'неполитични' и безрбетни државјани. Барањето за деполитизација било маска за противнародна и странкарска политизација... Ние не можеме и не смееме да се откажеме од тоа нашата просвета и култура да биде проткаена со духот на народно-ослободителната борба, духот на народно-ослободителното движење.*“ (Kulturna politika Jugoslavije, 2009).[3]

Комунистите во оваа смисла барале сузбивање на фашистичките и профашистичките културно-просветни остатоци во земјата, кои се перципирале како противнародни, а во служба на тоа морале да бидат сите „*просветни и културни установи, од детски установи па до научни институти*“ (Kulturna politika Jugoslavije, 2009).[4]

Големата неписменост или полуписменост на населението, како и незадоволството на власта од идеолошката состојба на „народните

---

[1] Во текот на Втората светска војна биле оштетени или уништени: архиви, библиотеки, историски предмети, културно-историски споменици, згради на училишта, факултети, музеи итн. Процени за воените штети на културно-просветните установи и споменици во Југославија правела посебна Комисија за утврдување на штетата од страна на окупаторот на културно-историските споменици и природни реткости, која имала задача да ги собере соодветните податоци. Колкави биле штетите на целата територија на Југославија видете два докумети кои, Комисијата за утврдување на штети на културно-историските предмети на Министерството за просвета на ДФЈ, ги испратиле до Претседателството на Владата на ДФЈ: „Procena ratne štete na kulturno-prosvetnim ustanovama i spomenicima Jugoslavije“ и „Ratna šteta načinenja školskim zgradama u pokretnom inventaru na prostoru cele DFJ“. 313-10-33. Beograd, 1945. Архив Југославије [Archive of Yugoslavia], Београд. Види: (Kulturna politika Jugoslavije, 2009).

[2] За политиките на концептуализација на просторот во југословенскиот социјализам видете: Popovska, 2020: 115–126.

[3] Ministarstvo Prosvete DFJ, Beograd, „Osnovne smernice naše prosvetne politike“. Beograd, 1945. 313-10-33. Архив Југославије [Archive of Yugoslavia], Београд. Види: (Kulturna politika Jugoslavije, 2009).

[4] Ibid.

маси“, имале, исто така, свое влијание на моделот на југословенската културна политика. Директивата за реорганизација на агитацијата и пропагандата, која во 1945 година, од ЦК КПЈ е испратена до сите централни и покраински комитети, меѓу другото, потенцира:

*„Спонтаните тежнеења на широките народни маси за буен културен и политички живот, за кој се создадени сите основни услови во нашата држава, не се правилно канализирани и организирани, а често пати тие тежнеења ги искористуваат туѓи, па дури и непријателски елементи. Во многу краеви речиси не постои никаква идејна борба не само вон Партијата, туку често пати ни во самата Партија, против идејно туѓите и штетните влијанија (особено во политичко-теоретските, културните, научните прашања)“* (Kulturna politika Jugoslavije, 2009).[5]

При ваква ситуација, основна задача на новата власт во областа на културата била просветата на населението, не само заради елиминирање на неписменоста, туку и заради што побрзо и поефикасно насочување на населението во посакуваниот правец, во согласност со новата политичка ориентација. Ова е јасно видливо во културно-просветната политика, која настојувала да ги сузбие „противнародните остатоци“ од претходниот период, преку просветување на народните маси и надвор од училиштата и нивно вклучување во „сите животни манифестации од општо значење“.

Југословенската културно-просветна политика ја афирмирала новата власт преку ангажирање на народот во обновата на земјата и социјалистичката изградба. Нејзината цел била да ги запознае народните маси со задачите на КПЈ и да ги мобилизира во своите дејствувања. Во овој правец биле преземани активности за културно-просветно и политичко издигнување на масите, преку курсеви организирани за учителите, но и за останатите кадри во различни институции, кои требало да придонесат кон подигнување на ниското или просечното идеолошко политичко ниво на поединците. Процесот на политичко и на идеолошко насочување на населението не ги таргетирал само „обичните“ луѓе, туку и членовите на Партијата, каде што КПЈ нотирала појава на „идеолошко и политичко изопачување на

[5] Centralni komitet Komunističke partije Jugoslavije – svim centralnim I pokrajinskim komitetima (Beograd, mart 1945). 507, VIII, I-(1-41)(K-1). Архив Југославије [Archive of Yugoslavia], Београд. Види: (Kulturna politika Jugoslavije, 2009).

партиската линија“.[6] На овој начин, Партијата ја осигурувала и контролата над нив.

Културата имала важна функција во југословенското општество, односно била интегрирана во изградбата на целокупниот државен, општествено-политички и идеолошки систем. Во оваа смисла и во основните насоки на културно-просветната политика се посочува дека таа треба да биде „во служба на обнова и изградба на нашата земја“.

Друга важна карактеристика на новата културна политика во конкретниот период е нејзината блискост со просветната политика на *судбински поврзаните* народи. Во главните основните упатства на Министерството за просвета на ДФЈ се потенцира:

„*Судбинската поврзаност на народите што водеа заедничка борба против фашизмот и понатаму ќе остане, па и нашата просветна политика ќе биде тесно поврзана со просветата на тие народи. Особено, тоа важи за братските словенски народи, а пред сè на народите на нашиот голем Советски Сојуз. Со словенските народи нè поврзуваат традиционални врски. Но, братската крв, пролеана во заедничката борба, огромната материјална и морална помош на големиот руски народ во нашите најтешки денови, нас уште повеќе нè поврза. Словенството на чело со Црвената армија даде најмногу жртви во борбата против најжестокиот непријател на слободољубивото човештво*“ (Kulturna politika Jugoslavije, 2009).[7]

Во смисла на претходното, политичките елити сметале дека должност на културно-просветната политика е да ја јакне и да се продлабочува поврзаноста со Советскиот Сојуз, па оттука работата во конкретниот домен се насочувала кон „воспитување и превоспитување во духот на словенството“.[8] Впрочем, целокупната политика во областа на културата во првите години од воспоставувањето на новата држава била под силно влијание на СССР.[9] Моделот на културна политика во овој период бил социјалистичкиот реализам.[10]

---

[6] CK KPJ, Komisija za agitaciju i propagandu – Republičkim rukovodstvima, Oddeljenjima i Komisijama, br. 10227. (Beograd, 21.IX-1946). 507, VIII, I-(1-41)(K-1). Архив Југославије [Archive of Yugoslavia], Београд. Видете: Kulturna politika Jugoslavije, 2009.

[7] Ministarstvo Prosvete DFJ, Beograd, „Osnovne smernice naše prosvetne politike“. (Beograd, 1945). 313-10-33. Архив Југославије [Archive of Yugoslavia], Београд. Види: (Kulturna politika Jugoslavije, 2009).

[8] Ibid.

[9] На полето на културата, важна улога во преносот на советскиот модел имало Друштвото за културна соработка на Југославија со СССР, кое било основано 1945 година, а такви друштва постоеле и на ниво на републиките. (Pejović 2010: 89).

[10] Социјалистичкиот реализам се состоел во барањето – уметниците да ги црпат содржините на своето творештво од стварноста на животот во социјалистичкото

Партијата, свесна за значењето на културата во борбата со различните идеи во општеството, настојувала да ја обезбеди општествената доминација на својата идеологија. Затоа и управувањето со културата, како ресор, организациски и „идејно“ било интегрирано во системот на целокупното социјалистичко општество.

Осмислувањето на инструменти и методи со кои би се оствариле промени во однос на затекната состојба било важен дел од етатистичката културна политика. Главен акцент, во оваа смисла, бил ставен на поттикот, односно сите инструменти на југословенската културна политика биле во функција на давање поттик. Покрај стипендиите, материјалното обезбедување на работниците во областа на културата, бесплатното образование, достапноста на културни програми за широките народни маси, особено значење било посветувано и на наградата.[11] Впрочем, наградувањето претставува составен дел на секоја културна политика, кое одредува што е *вредно*, а што *не е вредно* во културниот канон на општествени вредности, бидејќи државното стимулирање од секаков вид било во функција на социјалистичката идеологија, односно на нејзиниот вредносен систем. Со други зборови, сè што било спротивно на партикуларната комунистичка идеја било, на некој начин, сузбивано.

Етатистичкиот модел на културна политика бил доминантен во конкретниот период. Единствено што се менувало било формата на идеолошка суштина во зависност од објективните политички и економски состојби и цели, кои требало да се остварат преку државната културна политика (Doknić 2009: 17).

Процесот на поставување на целите во културата, нивното осмислување и потоа втемелување се движеле од централизираното партиско тело преку делот задолжен за културата (идеолошки комисии), па сè до пониските партиски структури. Имено, монополот на политичките одлуки бил во рацете на Политбирото на ЦК КПЈ и политбироата на националните партиски водства. Политбирото, како највисок партиски орган, ја одржувало линијата на идниот развој и им препуштало на државните тела (Собранието и Владата) да ја конкретизираат во вид на закони, уредби и оперативни политичко-управни мерки (Doknić 2009: 17). Овој начин на работа, покрај тоа што

---

општество. Особено посакувани биле темите за револуцијата и изградбата на социјализмот (Hofman 2005: 42).

[11] Наградувањето во културата претставува составен дел на секоја културна политика. За поврзаноста на наградата со културниот канон во општеството видете: Stojković 2014: 11–21; Prnjat, 2014: 43–50.

довел до обединување на партиската и на државната власт, овозможил и единство на акција, концентрација на средствата и кадрите на клучните позиции, цврста дисциплина и постојана проверка на донесените одлуки (Šarić 2010: 388).

Идеолошките насоки и контролата над идејните движења во полето на културата биле во рацете на Одделението за агитација и пропаганда (Агитпроп), кое имало најзначајна улога во областа на културата, просветата и идејно-теоретската работа. Ова тело ја контролирало работата на целокупното културно творештво во земјата: книжевноста, театарот, филмот, сликарството, но и сите јавни гласила: печатот и радиото.

Културната политика се реализирала преку државните институции на културата, кои создавале услови за остварување на зададените цели и кои ја финансирале секоја културна акција.

Покрај државните институции, биле формирани и здруженија од областа на културата: на книжевници, на ликовни уметници, на филмски работници, на библиотекари и др. Уметничките здруженија биле соодветна форма преку која Партијата го ширела своето влијание и својата идеологија меѓу уметниците. Работата во здруженијата имала цврста идеолошка подлога, особено почнувајќи од 1946 година, кога на книжевните, музичките и ликовните собирања започнале да се водат дискусии за прашања поврзани со идеологијата, со партијноста во уметноста, теоријата во книжевноста и уметноста, теоријата на одразот, теоријата на социјалистичкиот реализам и друго. Здруженијата ја канализирале работата на своите членови, со што станале места, каде што се носеле судови и се изрекувале оцени за уметничкото творештво. Се дискутирало за настанатите уметнички дела, е вршена нивна анализа, е заземан критички став најчесто од позиција на идеолошка, а и на стручна критика. Особено внимание се посветувало на младите уметници, за кои се настојувало да се образуваат во духот на марксизмот – ленинизмот. На челните позиции во здруженијата биле поставувани луѓе на Партијата, кои му припаѓале на движењето на социјална уметност. Нивната улога била специфична и посредничка, зашто во исто време ја работеле и улогата на идеолози и должноста на официјални лица, па така пред Партијата настапувале како уметници, а пред уметниците – како партиски луѓе (Dimić 1988: 197–198).[12]

[12] Исто така, здруженијата се грижеле и за професионалните интереси на своите членови. Членството во здруженијата значело право на учествување во уметничкиот и културниот живот, пружало можност за објавување на делото, јавно излагање и изведување на концерти, потоа низ економски повластици и материјална сигурност (станови, ателјеа,

За спроведување на новата културна политика, а со цел „надминување на големата културна заостанатост“, државата укинала повеќе стари национални установи, кои не се вклопувале во новото време, а некои од нив, преку реорганизација (со нови насоки на работа) ги обновила. Секако, како што веќе споменав создала и нови.

Политичката елита, која ги креирала културните политики, сметала: *„Науката и уметноста мора да бидат во служба на народот... Науката и уметноста денес неможат веќе да бидат монопол на неколку имотни граѓани и интелектуалци. Целото културно богатство, кое постои во нашата земја мора да стане сопственост на народните маси. Покрај сите училишта, мораат да бидат во служба и музеите, галериите и театрите, сите библиотеки, лаборатории, збирки слични установи на нив. Нивната задача е да бидат во служба на: естетското, морално, општествено, техничко и духовно подигање на секој државјанин на нова Југославија*“ (Kulturna politika Jugoslavije, 2009.)[13] Оттука, приватната и здружната сопственост била во голема мера укината, односно станала општествена, што ѝ обезбедило на државата материјална и техничка база, преку која настојувала да го стави под сопствени ингеренции целокупниот културно-просветен живот во општествени рамки.

Потполно следејќи го советскиот модел, Партијата „во име на народот“ раководела со целокупната организација на власта. Политичката елита, која работела на полето на културата настојувала да ја направи културата општествено добро, кое е достапно за широките народни маси. Се пласирале нови вредности преку кои Партијата се обидувала да го изгради новиот човек – вооружен со знаење и љубов спрема демократските тековини, поврзани со НОВ и Револуцијата, човек со: нови разбирања, нов морал и нов однос кон државата и општеството. Истражувањето на документите од конкретниот период покажува дека Партијата особен акцент ставала на лиферувањето на дискурсот за НОВ, братството и единството и марксизмот и ленинизмот во општествената сфера, на сите нивоа. Тоа се наративите што, КПЈ ги сметала за соодветни за „правилен развиток во стопанскиот, политичкиот и културниот живот“, а во исто време и

---

боја, хартија, инструменти за работа). Во здруженијата можеле да бидат членови само оние што со своето држење за време на НОБ тоа го заслужиле, а уметниците што биле неистомисленици биле исфрлувани (Dimić 1988: 197–198).

[13] Ministarstvo Prosvete DFJ, Beograd, „Osnovne smernice naše prosvetne politike“. (Beograd, 1945). 313-10-33. Архив Југославије [Archive of Yugoslavia], Београд. Види: (Kulturna politika Jugoslavije, 2009).

за остварување на целта за посилно „поврзување на Партијата со масите, со што би се олеснило остварувањето на партиските задачи“.

Влијанието на СССР врз југословенското општество, а во тој контекст и во културата ќе трае сѐ до судирот меѓу Тито и Сталин, во 1948 година. Резолуцијата на Информбирото (28 јуни 1948 год.), со која се упатува политичка осуда на Југославија и нејзиното раководство, го означува и распадот на дотогаш цврстите врски меѓу СССР и Југославија.

Во првите години по судирот со Информбирото, се нотира конфузност и идејна дезориентираност во културната политика, што се должи, меѓу другото, и на тоа што меѓу комунистите, сѐ уште била присутна верноста кон „постариот брат“. Како што наведува Радина Вучетиќ, во конкретното време сѐ уште било нормално да се слушне Милован Ѓилас како зборува дека „преку современата буржоаска уметност оргијаат секакви кубисти, надреалисти, егзистенцијалисти, уметници и книжевници од типот на Пикасо или Сартр“ (Vučetić 2011: 686). Треба да се спомене и тоа дека во текот на 1949 година, во екот на најголемите апсења на комунистите што биле проруски ориентирани, во југословенските киносали бил прикажан рекорден број руски филмови (Doknić 2009: 29). Ова доволно јасно зборува во прилог на констатираната идејна дезориентираност.

Дотогашната културна политика започнува да зазема поинаков правец веќе кон крајот на 1949 година, најпрво со пристапната беседа на Едвард Кардељ, одржана во Словенечката академија за наука и уметност во Љубљана, во која тој искажал критика на советската општествена наука. Тој истакнал дека историско-материјалистичката наука „под притисок на праксата во Советскиот Сојуз се нашла во некој вид стагнација, во која се раѓаат сите можни антидијалектички и антинаучни тенденции“. Кардељ, меѓу другото, го отфрлил гледиштето за науката како „некаков додаток на државниот апарат“, и повикувајќи се на нејзината автономија, потенцирал: „Ние сметаме дека нашите научни работници мораат да бидат слободни во своето творештво“ (Bošković 2011: 121–135).

По ова следел и Третиот пленум на ЦК КПЈ, кој се одржал во декември 1949 година, на кој биле потврдени новите ставови во кои бил истакнат крајот на „административната“ контрола во културата (Miller 2007). Партиската заложба за дебирократизација и децентрализација во културата и во образованието целела кон ново образование „на основа на усвојување на современите резултати на науката и вредностите на општочовечките и националните култури“ (Doknić 2009: 29).

Педесеттите години се години кога советскиот модел станува силно критикуван на различни општествени нивоа, а од друга страна настапува приближување кон Западот. Всушност, приближувањето на двете страни се одвивало во атмосфера на меѓусебна внимателност, но и одлучност во конкретните околности да се пронајдат заедничките интереси. Поради сензитивноста на ситуацијата логично било интензивирањето на соработката со западноевропските социјалисти и социјалдемократи, особено од 1950 до 1953 година (Miletić 2020: 156–157).

Културната политика во овој период била проектирана на темелот на интеркултурен дијалог со западните земји, кој, според програмскиот реферат на помошникот министер за култура на Владата на ФНРЈ, од јануари 1950 година, „треба да биде сестрано анализиран" за *„да експортираме во светот дела на нашата култура, што би донело практична корист на нашата земја денес или утре, но се работи и за тоа да донесеме нешто во нашата земја од тој надворешен свет"* (Doknić 2009: 32).

Со цел воспоставување на сестрана соработка, им било дозволено на републичките министерства и на стручните уметнички здруженија, самостојно да воспоставуваат меѓународни контакти. Во март во 1950 година, југословенска делегација се приклучила во редовната работа на УНЕСКО.[14] Големо значење било давано на соработката со оваа институција и на членувањето во многу меѓународни здруженија и совети (Doknić 2009: 29).

Во новата општествено-политичка атмосфера револуционерниот наратив поврзан со НОВ и понатаму останал да биде основа за изградба на југословенската заедница. Имено, НОВ и Револуцијата, братството и единството, како и култот кон Тито, продолжиле да го имаат монополот во рамките на југословенската јавна сфера, но сега ослободени од протосоветските идеали.[15]

[14] Претходно југословенска делегација присуствувала на основачкото собрание на УНЕСКО во 1945 година.

[15] Тоа меѓу другото значело и ревидирање на дотогашното присуство на СССР во јавната иконосфера. Во оваа смисла, во 1952 година, во една од директивите што ги испраќа Комисијата за агитација и пропаганда при ЦК КПЈ до сите републички Агитпропи, а се однесува на називите на претпријатијата, задругите, организациите..., меѓу другото се вели: „Треба уште еднаш да се обрати внимание на чистење на преостанатите советски називи. (Овие називи најчесто се останати на улиците, кои, некои во периодот по ослободувањето, повеќе пати ги менувале имињата)." CK KPJ Komisija za agitaciju i propagandu – vim republičkim i pokrajinskim CK, (Beograd, 1952). 507, VIII,1-(1-41)(K-2). Архив Југославије [Archive of Yugoslavia], Београд. Види: Kulturna politika Jugoslavije, 2009.

Во конкретните околности започнува процес на напуштање на идејната матрица на социјалистичкиот реализам во рамките на државната културна политика и воведување во самоуправен социјализам, што ќе овозможи извесна демократизација на полето на културната продукција, преку послободна работа на уметниците и книжевниците (Šarić, 2010: 388). Латинка Петровиќ смета дека значајна улога во овој контекст имала и прозападната интернационалистичка елита во власта, која по судирот со Информбирото, целела кон оддалечување на земјата од тврдиот комунистички правец и вртење кон модернизмот (Vučetić 2011: 686).

Во ноември во 1952 година бил одржан Шестиот партиски конгрес, кој посветил големо внимание на културата и просветата, прифаќајќи ја можноста за плурализам во културата, зашто „културниот напредок може да се осигура само ако културното творештво се ослободи од административниот притисок“. По Конгресот, атмосферата на либерализмот ја зафатила целата општествена сфера (Doknić 2009: 35).

И покрај декларативна либерализација во југословенската културна политика, Титовиот говор насочен кон ревитализација на заклучоците на Шестиот конгрес укажува на нестабилност во идејно-политичката практика. Имено, тој оценил дека „во последно време сè повеќе се чувствуваат влијанијата на, за нас, туѓите сфаќања, во нашиот секојдневен живот и тоа во многу осетливи прашања, како што се, на пример, културниот и општествениот живот, печатот и науката, односите на моќ меѓу луѓето итн.“ (Doknić 2009: 36).

Агитпроп-одделението е укинато во 1952 година, а надзорот над културата и уметноста продолжил со навидум подемократски средства. Имено, воведениот самоуправен социјализам или општественото управување, со културните установи, се одвивало преку управни одбори, кои биле составени од претставници на колективот (во помал дел) и претставници на основачот – државата (во поголем дел). Во издавачките куќи тоа биле издавачките совети. Државата го именувала мнозинството членови на управните тела во културните институции, а за изборот на кандидатите биле задолжени партиски надлежни комисии. Претставниците, именувани од властите, не само што работеле по упатствата на владејачката структура, туку и, за својата работа, им давале извештај на надлежните (Gabrič 2008: 116).

*

Државната културна политика е тесно поврзана со политичките, општествените, културните, економските и останатите околности во кои опстојува државата. Во овој контекст, основните начела врз кои била градена југословенската културна политика, биле детерминирани токму од општествениот контекст. Културата била во доменот на државата, хиерархиски уредена и контролирана, а во согласност со стратегиите и идеологијата на Комунистичката партија на Југославија. Целта била внесување на сестрана стандардизација на културни пораки во рамките на општествената структура, кои ќе ја афирмираат социјалистичката идеологија и нејзината вредносна структура и преку изградбата на *новиот* човек ќе влијаат на хомогенизација на различното население.

Во изградбата на културната општествена сфера, државата настојувала да воспостави партнерство меѓу: создавачите (уметници, писатели и др. реализатори на културни активности), публиката (професионална, аматерска...), доносителите на одлуки (носителите на јавната власт, културните институции...), посредниците (школи, универзитети, интелектуалци, новинари...) (Birešev 2007: 196). Нивното содејство, односно заедничко дејствување влијаело на структурата на културниот живот во југословенското општество.

Во периодот од формирањето на државата, па сѐ до педесеттите години е забележлива силна советизација во секоја сфера на живеењето, а во таа смисла и во сферата на културата, каде што следењето на советските модели во политиката е особено изразено. По судирот со Информбирото, започнува процес на десоветизација, односно повлекување од советскиот модел на културни практики. Во конкретните околности е видливо напуштањето на идејната матрица на социјалистичкиот реализам во рамките на државната културна политика и воведување во самоуправен социјализам, што ќе придонесе кон извесна демократизација на полето на културната продукција.

**Кратенки**

КПЈ – Комунистичка партија на Југославија
ЦК КПЈ – Централен комитет на Комунистичка партија на Југославија
ДФЈ – Демократска Федеративна Југославија

**Извори/Sources**

Doknić, Branka, Petrović, F. Milić, Hofman, Ivan. (Ur.). (2009). *Kulturna politika Jugoslavije: 1945–1952. Zbornik dokumenta, 1.* [*Cultural Policy of Yugoslavia 1945–1952. A Collection of Documents, Vol. 1*]. Beograd: Arhiv Jugoslavije. (In Serbian.)

**Литература/References**

Birešev, Ana. (2007). *Kulturna politika u teoriji* [*Cultural Policy in Theory*]. Beograd: Zavod za proučavanje kulturnog razvitka. 187-216. (In Serbian.)

Bošković, Dušan. (2011). Intelektualci u vlasti: društveni obrasci u formativnim godinama druge Jugoslavije. *Filozofija i društvo* 3 [Intellectuals in Power: Social Patterns in the Formative Years of Second Yugoslavia. *Philosophy and Society* 3]. 121-135. (In Serbian.)

Dimić, Ljubodrag. (1988). *Agitprop kultura: agitpropovska faza kulturne politike u Srbiji 1945–1952* [*Agitprop Culture: Agitprop Phase of Cultural Policy in Serbia 1945-1952*]. Beograd: Rad. (In Serbian.)

Doknić, Branka. (2009). Kulturna politika Jugoslavije: 1945–1952. Vo: Doknić, Branka, Petrović, F. Milić, Hofman, Ivan. (Ur.). *Kulturna politika Jugoslavije: 1945–1952. Zbornik dokumenta, 1* [Cultural Policy of Yugoslavia 1945–1952. In: Doknić, Branka, Petrović, F. Milić, Hofman, Ivan. (Eds.). *Cultural Policy of Yugoslavia 1945*–1952. *A Collection of Documents 1*]. Beograd: Arhiv Jugoslavije. (In Serbian.)

Gabrič, Aleš. (2008). Cenzura u Sloveniji posle Drugog svetskog rata: od komunističkog spiska zabranjenih knjiga do ukidanja t.z. 'verbalnog delikta' [*Censorship in Slovenia after World War II: From the Communist Index Librorum Prohibitorum to Abolition of the "Verbal Offence"].* URL: https://www.nb.rs (Accessed: 08.05.2020). (In Serbian.)

Hofman, Ivan. (2005). Pod stegom Partije. Muzika socijalističkog realizma – primeri SSSR i Jugoslavije. *Godišnjak za društvenu istoriju* 1–3 [Under the flag of the Party. Music of Socialistic Realism – Cases of USSR and Yugoslavia. *Annual of Social History* 1–3]. 41-63. (In Serbian.)

Miletić, Aleksandar V. (2020). Milovan Đilas i francuski socijalisti 1950–1954. *Tokovi istorije* 1/2020 [Milovan Đilas and French Socialists 1950–1954. *Currents of History* 1/2020]. Beograd: Institut za noviju istoriju Srbije. 155-174. (In Serbian.)

Miller, Nick. (2007). Chapter 1. Simina 9a in a New Yugoslavia. In: *The Nonconformists: Culture, Politics, and Nationalism in a Serbian Intellectual Circle, 1944'1991*. Budapest: Central European University Press. URL: http://books.openedition.org/ceup/849 (Accessed: 22.05.2021).

Pejović, Marko. (2010). Sovjetski filmovi prikazani u jugoslaviji u organizaciji Društva za kulturnu saradnju Jugoslavije sa SSSR-om 1945-1948 godine. *Godišnjak za društvenu istoriju 1* [Soviet Feature films in Yugoslavia 1945–1948. distributed by the Society of Cultural Cooperation between Yugoslavia and the USSR. *Annual of Social History* 1]. 89-101. (In Serbian.)

Popovska, Dragica. (2020). Politiki na konceptualizacija na prostorot vo Makedonija vo jugoslovenskiot socijalizam. *Istorija* 2/LV [Space Conceptualization Policies in Macedonia in Yugoslav Socialism. *History* 2/LV]. Skopje: Združenie na istoričarite na Republika Makedonija. 115-126. (In Macedonian.)

Prnjat, Dejana. (2014). Srpske državne nagrade za književno stvaralaštvo od 1945. do 1980. godine. *Kultura, 145* [Serbian National Awards from 1945 to 1980. *Culture, Vol. 145*]. Beograd: Zavod za proučavanje kulturnog razvitka. 43-50. (In Serbian.)

Stojković, Branimir. (2014). O prirodi nagrade. *Kultura, 145* [On Nature of Prize. *Culture, Vol. 145*]. Beograd: Zavod za proučavanje kulturnog razvitka. (In Serbian.)

Šarić, Tatjana. (2010). Djelovanje Agitpropa prema književnom radu i izdavaštvu u NRH, 1945–1952. *RADOVI, 42* [Activity of the Agitprop in regard to Literary Work and Publishing in the People's Republic of Croatia in 1945–1952. *Works, Vol. 42*]. Zagreb: Zavod za hrvatsku povijest. (In Croatian.)

Vučetić, Radina. (2011). Između avangarde i cenzure: Tito i umetnost šezdesetih. *Tito – viđenja i tumačenja*. *Zbornik radova* [Between Avant-Garde and Censhorship: Tito and the Art in 1960s. *Tito – Insights and Interpretations*. *Miscellany*]. Beograd: Institut za novu istoriju Srbije, Arhiv Jugoslavije. (In Serbian.)